2802
15
25-03-2022
ЦФ



Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Маринела Бојаџиева како претседател и членовите Оливера Митевска и Наим Рамети, одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-068996/21-0004 од 06.12.2021 година на Царинарница Куманово, поведена против сторителот на царински прекршок Ферди Шемов од Кочани, за царински прекршок по член 265 в.в член 263 став 3 в.в став 1 точка 8 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинска управа и член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци и член 7 од Законот за општата управна постапка, на ден 03.02.2022 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Ферди Шемов од Кочани, роден на ден 06.06.1984 година во Зрновци-Кочани, со место на живеење на улица : Аспарух Манев 66 Зрновци, со ЕМБГ 0606984493695, лична карта број А1594944 издадена од МВР Кочани, државјанин на Република Северна Македонија.

### СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 265 став 1 вв член 263 став 3 вв став 1 точка 8 од Царинскиот закон

Затоа што:
Пријавениот Ферди Шемов од Зрновци Кочани на ден 27.06.2020 година во 19,45 часот управувајќи патничко моторно возило Ауди А6, со вметнати македонски регистарски ознаки BT680CS кои се издадени за друго возило и тоа за ПМВ Форд Ескорд со број на шасија WF0NXXGCANPR83207 е сопрен на 200метри од бензинската пумпа на Мак Бенз на автопат Куманово-ГП Табановце од полициски службеници при вршење на редовна полициска контрола, по извршена полициска контрола на возилото и возачот констатирано е дека за возилото пријавениот не поседува соодветна документација која може да ја докаже сопственоста и правото да го управува возилото. Пријавениот не поседувал документација за докажување на правото да го управува возилото на царинското подрачије на Република Северна Македонија, за кое знаел дека истото е предмет на царински прекршок истото го управувал на територија на Република Северна Македонија без да има правен основ за тоа, иако знаел или од околностите на случајот морал да знае, дека возилото е предмет на царински прекршок, заради тоа што возилото

било пуштено во слободен промет, иако за истото не биле спроведени пропишани царински формалности за пуштање во слободен промет и за плаќање на увозните давачки.

Поради што возилото со потврда за привремено одземени предмети број 22.17.8-12/6 од 27.06.2021 година на МВР ПС за ГП Сопот е одземено од пријавениот Ферди Шемов од Зрновци Кочани.

Од Страна на ОКТИВ при МВР на РСМ над предметното возило е извршено вештачење на идентификационите броеви на шасијата при што е утврдено дека со преземани дополнитлени механички зафат-стружење на површината на која евидирал оргиналниот иденификационен број ,истиот е отстранет со што е извршено прикривање на идентификациониот број односно прикривање на идентитет на возилото. По извршени испитувања и анализа на дополнителени идентификациони карактеристики на предметното ПМВ каде по добиените резултати констатирано е дека оргиналниот односно фабрички втиснат идентификациски број на предметното возило е со содржина WAUZZZ4BZYN088506 за што е изготвена Анализа од Вештачење број МБ-1062/20 кое е прилог на пријавата.

Со горе опишаното дејствие Ферди Шемов од Кочани, сторил прекршок по член 265 вв. член 263 став 3 вв. став 1 точка 8 од Царинскиот закон, поради кое од страна на Комисијата

МУ СЕ ИЗРЕКУВА

1. Глоба во износ од 250 (двестаипедесет) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, односно 15.375,00 денари, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителот е должен да ги плати во рок од 8 (осум) дена од конечноста на решението, и тоа:

- глобата да ја плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0580/21, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а

- трошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0580/21, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршена уплата (обрасците ПП50) да ги достави во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на РСМ, ул.Колекторска 6.б., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 129 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

2. Согласно член 267 став 3 од Царинскиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок на Ферди Шемов од Кочани, му изрече задолжително предвидената посебна прекршочна мерка одземање на стоката и тоа: патничко моторно возило марка Ауди А6, со вметнати македонски регистарски ознаки ВТ680CS.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со барање за поведување на прекршочна постапка број 28-068996/21-0004 од 06.12.2021 година на Царинарница Куманово, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија е поведена прекршочна постапка против Ферди Шемов од Кочани, за сторен царински прекршок по член 265 в.в со член 263 став 3 в.в став 1 точка 8 од Царинскиот закон.

Постапувајќи по истото, Комисијата за одлучување по царински прекршок согласно член 60 став 2 од Законот за прекршоците, со покана за писмено произнесување број 28-068996/21-0005 од 31.12.2021 година го извести сторителот за поднесеното барање и го поучи да се изјасни за фактите и доказите поднесени во врска со истото.

Сторителот не го примил поканата за писмено произнесување број 28-068996/21-0005 од 31.12.2021 година, видно од повратница од Пошта Кочани од 04.01.2022 година, каде што стои напомената дека лицето е иселен.

По ова Комисијата постапи согласно член 87 став 3 од Законот за прекршоците и со службена белешка број 28-068996/21-0007 од 07.02.2022 година, писменото го истакна на огласната табла на Одделението за прекршочна постапка и истото беше истакнато на огласната табла во периодот од 07.02.2022 година до 15.02.2022 година, со што по истекот на осум дена од денот на истакнувањето се смета дека е извршена уредна достава на поканата за писмено произнесување.

Согласно горенаведеното, Комисијата утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и за донесување на одлука, па ја спроведе доказната постапка и изврши увид во: барањето за поведување на прекршочна постапка постапка број 28-068996/21-0004 од 06.12.2021 година на Царинарница Куманово, пријава за прекршок бр.22.24.4.2-15 од 15.11.2021 год, барање за поведување на прекршочна постапка бр.22.24.4.2-15 од 15.11.2021 год, фотокопија од потврда за привремено одземени предмети број.22.17.8-12/6 од 27.06.2020 година, фотокопија од службена белешка број 22.17.4.4-20/766 од 27.06.2020 год, фотокопија од службена белешка број 4466 од 07.10.2020 год, фотокопија од предлог барање од СВР Куманово ОКП Остек за Општ криминалитет рег.бр.22.24.4.2-9915 од 28.10.2020година, фотокопија од наредба од ОЈО Куманово V PO BR.568/20 од

02.11.2020год, фотокопија од службена белешка број 4867 од 23.11.2020 год, записник за предавање на пронајдени-одземени предмети број 22.17.4.4-20/1848 од 2020година, фотокопија од Известување рег.бр. 22.12.2.3.1-94174/1 од 09.03.2021година со Извештај од вештачење МБ-1062/20, записник за комисиски прием,премер и проценка на стока број 31-068996/21-0003 од 02.11.2021година со пребарување во Schwacke.net број 138204/36746175 од 02.12.2021год, покана за писмено произнесување број 28-068996/21-0005 од 31.12.2021 година, службена белешка број 28-068996/21-0007 од 07.02.2022 година, по што ја утврди следната фактичка состојба:

Пријавениот Ферди Шемов од Зрновци Кочани на ден 27.06.2020 година во 19,45 часот управувајќи патничко моторно возило Ауди А6, со вметнати македонски регистарски ознаки BT680CS кои се издадени за друго возило и тоа за ПМВ Форд Ескорд со број на шасија WF0NXXGCANPR83207 е сопрен на 200метри од бензинската пумпа на Мак Бенз на автопат Куманово-ГП Табановце од полициски службеници при вршење на редовна полициска контрола, по извршена полициска контрола на возилото и возачот констатирано е дека за возилото пријавениот не поседува соодветна документација која може да ја докаже сопственоста и правото да го управува возилото. Пријавениот не поседувал документација за докажување на правото да го управува возилото на царинското подрачије на Република Северна Македонија, за кое знаел дека истото е предмет на царински прекршок истото го управувал на територија на Република Северна Македонија без да има правен основ за тоа, иако знаел или од околностите на случајот морал да знае, дека возилото е предмет на царински прекршок, заради тоа што возилото било пуштено во слободен промет, иако за истото не биле спроведени пропишани царински формалности за пуштање во слободен промет и за плаќање на увозните давачки.
Поради што возилото со потврда за привремено одземени предмети број 22.17.8-12/6 од 27.06.2021 година на МВР ПС за ГП Сопот е одземено од пријавениот Ферди Шемов од Зрновци Кочани.
Од Страна на ОКТИВ при МВР на РСМ над предметното возило е извршено вештачење на идентификационите броеви на шасијата при што е утврдено дека со преземани дополнитлени механички зафат-стружење на површината на која евидирал оргиналниот иденификационен број ,истиот е отстранет со што е извршено прикривање на идентификациониот број односно прикривање на идентитет на возилото. По извршени испитувања и анализа на дополнителени идентификациони карактеристики на предметното ПМВ каде по добиените резултати констатирано е дека оргиналниот односно фабрички втиснат идентификациски број на предметното возило е со содржина WAUZZZ4BZYN088506 за што е изготвена Анализа од Вештачење број МБ-1062/20 кое е прилог на пријавата.

Со горе опишаното дејствие Ферди Шемов од Кочани, сторил прекршок по член 265 вв. член 263 став 3 вв. став 1 точка 8 од Царинскиот закон

Согласно член 2 став 1 од Законот за прекршоците за прекршокот и прекршочната одговорност соодветно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик.

Согласно член 3 став 1 од Кривичниот законик, врз сторителот на кривичното дело (прекршокот) се применува законот кој важел во времето на извршување на кривичното дело (прекршокот), а согласно став 2 од истиот член, ако по извршувањето на кривичното дело (прекршокот) е изменет законот еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот.

Според член 91 од Царинскиот закон, со пуштање во слободен промет странската стока добива статус на домашна стока. За да се пушти стоката во слободен промет, треба да се применат мерките на трговска политика, да се завршат другите формалности пропишани за увоз на стока и за плаќање на сите давачки пропишани со царински и други прописи. Во спротивно се прави прекршок од член 263 став 1 точка 8 од Царинскиот закон.

Согласно член 265 став 1 од Царинскиот закон, („Службен весник на РМ" бр.39/05 .... 144/18, кој важел на денот кога е сторен предметниот прекршок) за прекршок од овој член на правно лице или на трговец поединец, односно на одговорно лице во правното лице или во трговецот поединец или на физичко лице кое ќе купи, продаде, распродаде, добие на подарок, прикрива, прими на чување или на превоз, чува, користи или добие во сопственост врз која било основа стока за која знае или според околностите на случајот морал да знае дека со тоа бил направен прекршок од членовите 263, 263-а или 264 на овој закон, доколку сторителот извршил некое од дејствијата од членовите 263, 263-а или 264 на овој закон, му се изрекува глоба која со членовите 263, 263-а или 264 на овој закон се изрекува на сторителот.

Согласно член 267 став (1) од Царинскиот закон (Сл.весник на РМ број 144 од 03.08.2018 година) стоката која е предмет на прекршок од членовите 263 и 265 во врска со членот 263 од овој закон се одзема, а согласно став 3 од истиот член стоката се одзема и кога не е сопственост на сторителот на прекршокот, доколку сопственикот на стоката знаел или со оглед на околностите би можел да знае дека стоката е предмет на прекршоците од член 263 и 265 на овој закон

Согласно член 154 в.в. со член 257 од Царинскиот закон и согласно член 372 став 1 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (Сл. Весник на Република Македонија бр.66/2005), физички лица со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје, целосно се ослободуваат од увозни давачки, кога приватно повремено употребуваат транспортни средства по упатства на носителот на регистрацијата, кога тој, во момент на употреба се наоѓа на царинското подрачје.

Согласно член 374 став 1 точка в алинеја 3 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, роковите за завршување на постапките на привремен увоз се за средства за патен

транспорт кои приватно се употребуваат во други случаи, вклучувајќи животни за јавање или влечење и возила влечени од нив: шест месеци во период од дванаесет месеци.

Врз основа на вака утврдената правна и фактичка состојба, која произлегува од приложениот доказен материјал, Комисијата најде дека во дејствието на сторителот се содржани обележјата на прекршокот кој му се става на товар и за сторениот прекршок треба да му се изрече глоба предвидена во рамки на законот, како и посебна прекршочна мерка одземање на стоката предмет на прекршок.

При одмерување на висината на глобата, Комисијата ги имаше предвид цитираните одредби од член 3 став 2 на Кривичниот законик, па во оваа насока утврди дека во конкретниот случај при одмерувањето на глобата на сторителите правилно е да бидат применети одредбите на член 26 став 1 од Законот за прекршоци („Службен весник на РСМ" бр.96/19), според кој глобата за физичко лице се состои во плаќање на определен паричен износ кој не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност ниту поголем од 250 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавство на Европска Унија не е поинаку определено, поради кое Комисијата на сторителот му изрече глоба според одредбите на Законот за прекршоци („Службен весник на РСМ" бр.96/19) односно му изрече глоба во износ од 250 евра, а со кое смета дека ќе се исполни целта на законот и изрекувањето на прекршочната санкција.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата го задолжи сторителот и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението. Со оглед дека тужбата го одлага извршувањето на глобата, примерок од тужбата да се достави до Царинска управа на Република Северна Македонија - Комисија за одлучување по прекршок, во спротивно глобата ќе се наплати согласно одредбите од Законот за даночна постапка.

Претседател на Комисија
Маријела Бојаџиева

Број 28-068996/21-0009
Скопје, 03.02.2022 година
Прк.бр.0580/21

Доставено во оригинал до:
- сторител
- архива
- предмет

Доставено преку ЕДМС до:
-подносител

Изработил: Наим Рамети